ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА, во совет составен од: Петре Србиновски - претседател на судот и сидиите Никола Крстески и Ристе Ристевски - членови на советот, во правната работа на тужителот адвокат Мишел Наумоски од О., против туженият ЈП за стопанисување со државни шуми - Национални шуми Скопје, за долг, вредност 433.363,00 денари, решавајќи по жалбите на странките, против пресудата на Основниот суд Охрид МАЛВПЛ1-ТС-83/19 од 10.03.2020 година, на седницата на советот одржана на ден 11.12.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбите на странките, СЕ ОДБИВААТ како неосновани.

Пресудата на Основниот суд Охрид МАЛВПЛ1-ТС-83/19 од 10.03.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот на туженият да му го надомести второстепените процесни трошоци во износ од 15.052,00 денари, во рок од 8 дена од приемот на пресудата, а поголемото барање над досудениот износ до износот од 35.306,00 денари, СЕ ОДБИВА како неосновано.

О б р а з л о ж е н и е

Со побиваната првостепена одлука, во содржаното решение утврдено е повлекување на тужбата на тужителот, против туженият, за износ од 46.220,00 денари, по фактури и износи, определени во донесеното решение и констатирано е дека нотарскиот платен налог НПН.бр.67/17 на нотар Ана Јолакоска од Скопје се укинува за повлечениот дел на тужбеното барање во износ од 20.248,00 денари, нотарскиот платен налог НПН.бр.69/18 на нотарот Ана Јолакоска од С., исто така е укинат за повлечениот дел на тужбеното барњае во износ од 13.086,00 денари и НПН.бр.52/18 на истиот нотар е укинат за повлечениот дел во износ од 12.886,00 денари. Со решение отфрлена е тужбата на тужителот во делот опфатен со НПН.бр.71/18 по фактура бр.83, за износ од 9.800,00 денари, заради течење на процес и во овај дел погоре цитираниот нотарски платен налог, е укинат за износ од 9.800,00 денари.

Со пресуда, содржана во донесената одлука, во делот I, приговорите на туженият против наведените нотарски платни налози делумно се уважени, во износи, фактури и нотарски платни налози, определени во овој дел од донесената пресуда и констатирано е дека тужбеното барање на тужителот во укинатите делови, во наведените платни налози, е одбиено како барање неосновано.

Во делот II од донесената пресуда приговорите на туженият против наведените нотарски платни налози се одбиени како неосновани и тоа

нотарските платни налози, износи и фактури, точно определени и опишани во самата изрека на овој дел на одлуката и констатирано е во кои делови и за кои износи остануваат во сила нотарските платни налози. Поголемото барање за камата на досудените износи, за кои нотарските платни налози остануваат во сила за периодот од утврдените датуми на доспеаност, на секоја од утужените фактури (и во решенијата за издадените платни налози), до датумите кога тужителот ги примил погоре наведените платни налози (утврдени од Т.1 до Т.12 под дел II од изреката на пресудата), е одбиено како барање неосновано.

Во делот III од изреката на донесената пресуда констатирано е нотарските платни налози бр.67/18, 52/18, 69/18, во делот на повлеченото барање, остануваат во сила во делот на барањето за камата за опишаните износи, со конкретен опис и на периодот од стасаноста, па до исплатата на средствата, а поголемото барање на камата, судот го одбива и во овој дел нотарските платни налози ги укинува. Задолжен е туженият да му исплати на тужителот трошоци во постапката во рок од 8 дена од приемот на пресудата, во вкупен износ од 86.412,00 денари и тоа трошоци направени за превземени дејствија преку адвокатот Гоце Јакшоски, износ од 34.961,00 денари, трошоци направени за превземени дејствија преку адвокат Стојан Презоски износ од 9.100,00 денари и трошоци направени за дејствија превземени преку адвокат Филип Николоски износ од 13.780,00 денари и трошоци направени после спојување на постапката износ од 28.571,00 денари. Поголемото барање за трошоци на тужителот над досудениот износ во претходниот став, до бараниот износ на адвокат Гоце Јакшоски од 100.642,00 денари, до бараниот износ на адвокат Стојан Презоски до износ од 77.831,00 денари и до бараниот износ на адвокат Филип Николоски од 45.553,00 денари, одбиено е како неосновано барање.

Незадоволен од донесената одлука, тужителот преку полномошниците адвокатите Стојан Презоски и Филип Николоски вложија една жалба а и Гоце Јакшоски како полномошник вложи своја жалба, побивајќи ја донесената пресуда по сите основи од чл.342 ст.1 од ЗПП и секој во делот на своите предмети. Предложи второстепениот суд жалбите да ги усвои и донесената првостепена пресуда да ја укине во целост и предметот да го врати на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд. Секој посебно од нив предјавија и второстепени процесни трошоци, во износи определени со поднесоците.

Туженият преку полномошникот адвокат Владимир Цековски од Скопје, исто така поднесе навремена жалба, оспорувајќи ја донесената пресуда во уваженият дел на тужбеното барање односно во дел II и дел III од истата, по сите основи од чл.342 ст.1, како и одлуката за досудените процесни трошоци. Предложи второстепениот суд жалбата да ја усвои и одлуката во побиваните делови да ја укине и предметот да го врати на повторно одлучување на првостепениот суд. Предјави и второстепени процесни трошоци.

Исто така туженият преку полномошникот, поднесе и одговор на жалба, со кој поднесок во целост ги оспорува истакнатите жалбени наводи на

тужителот односно жалбите на полномошниците, оценувајќи ги истите за неосновани. Предложи второстепениот суд жалбите на тужителот да ги одбие како неосновани и донесената првостепена пресуда да ја потврди. Предјави второстепени процесни трошоци, кои ги определи во самиот поднесок.

Апелациониот суд во Битола, ги разгледа списите на предметот, ја испита донесената одлука, па по оценка на наводите содржани во жалбите на странките и одговорот на жалба на туженият, согласно овластувањата од чл.354 ст.1 од ЗПП, најде:

Жалбите на странките се неосновани.

Неосновани се жалбените наводи на странките за сторена суштествена повреда на одредбата од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП, бидејќи донесената одлука е јасна и разбирлива и истата може да се испита и провери со дадените причини и утврдените решавачки факти, содржани во образложението на истата, предвид на што првостепениот суд правилно го применил материјалнтоо право.

Имено, врз основа на спроведената постапка и изведените докази, првостепениот суд утврдил дека тужителот е адвокат со седиште во О., кој на ден 13.02.2017 година, со туженият како јавно претпријатие, заклучил договор за адвокатски услуги, со кој ги уредиле меѓусебните права и обврски произлезени од истиот, а се однесуваат на давање правна помош и правни услуги од давателот на услугите - адвокатот, во корист на примателот на услугите - сега туженият. Во чл.1 од Договорот договорните страни утврдиле времетраење на договорот од една година, сметано од склучувањето на договорот и предвиделе дека договорот ќе се смета за продолжен ако една од странките на договорот еден месец пред истекување, писмено не ја извести другата странка за престанок на договорот. Во чл.4 договорните страни утврдиле награда за пружаната правна помош и тоа месечно паушално износ од 10.000,00 денари, а туженият прифатил да му ги исплатува на тужителот и сите трошоци признанени со извршната исправа, но и тоа дека примателот на услугата не е во обврска да ги исплатува трошоците до моментот додека тие не бидат досудени, а во ст.4 од истиот член, договарачите утврдиле дека трошоците за превоз на адвокатот ќе му бидат надоместувани како реален трошок (за превоз и патарини) по претходно доставени трошоци и сметки. Во чл.7 од договорот, договорните страни го утврдиле начинот на раскинување на договорот и се договориле дека секоја договорна странка, има право едностарно да го раскине договорот во секое време, но со отказен рок од 30 дена, а во ст.5 од истиот член, странките утврдиле дека давателот на услугите е должен да ги извршува сите договорни работи, во согласност со договорот и за време на отказниот рок, а корисникот на услугата дека е во обврска да му го исплати надоместокот за услугите и за време на отказниот рок, во согласност со условите на договорот.

Судот утврдил дека ниедна од договорните страни, во договорениот рок од една година, сметано од заклучувањето - 13.02.2017 година до 13.02.2018 година, не го раскинала договорот, така што по автоматизам, согласно чл.1 од

истиот, неговата важност продолжила и понатака. Тужениот со поднесок од 19.02.2018 година, кој е примен од тужителот на ден 21.02.2018 година, му го раскинува договорот, со барање во отказниот рок од 30 дена, тужителот да му ги предаде сите предмети, но и со превземена обврска на тримесечно ниво на тужителот да му доставува прегледи за завршени и наплатени предмети, по кои постапувал тужителот.

Судот утврдил дека тужителот согласно договореното за потребите на туженият превземал дејствија (давал правни услуги) во повеќе постапки, во корист на туженият и за време на отказниот рок од 30 дена, кој завршувал заклучно со 21.02.2018 година. Сите утужени фактури предмет на оваа постапка, се однесуваат на давање услуги за време на траењето на договорот, вклучително и во отказниот рок од 30 дена.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба и со примена на одредбите од чл.10 ст.1, чл.251 и чл.805 од ЗОО, како и одредбите од чл.19 од Законот за адвокатура и одредбите од чл.1, чл.2 и чл.5 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите, првостепениот суд донел одлука како во изреката, односно ги споил предметите, констатирал повлекување на тужбата за одреден дел од барањето, констатирал течење на процес, заради што нотарските платни налози се укинати и тужбеното барање на тужителот е одбиено во определените делови, во дел приговорите на туженият ги усвоил и нотарските решенија ги укинал, а во дел приговорите ги одбил и нотарските решенија ги оставил во сила. Ова затоа што тужителот во конкретниот случај побарал надоместок за пружена адвокатска услуга во наведените предмети, за секое дејствие според договорот и АТ, со точно означување на паричните износи за секое дејствие, како подробно прецизирал со предлозите за издавање на нотарски платен налог. Поголемото барање го одбил затоа што дел од поставеното тужбено барање тужителот не го поткрепил со соодветни докази за реално направени трошоци или пак побарувал трошоци за кои воопшто не доставил било какви докази, како реално покритие за направените трошоци. Во дел трошоците ги барал во поголеми износи, а му следува согласно вредноста на спорот, особено во случаевите кога застапувал во работни спорови, ценејќи дека се работи за парично побарување а не статусен спор. Со повеќе фактури побарувал трошоци за отсуство од канцеларија во различни постапки, иако патувал во ист ден, во ист суд - но за различен предмет. Судот, сметал дека тужителот не можел да побарува трошоци по основ на ДДВ, кога со фактурите се побаруваат трошоци на име судски такси и други трошоцил кои не претставуваат приход на тужителот. Неосновано се побарувале режиски трошоци без да бидат појаснети - образложени, за што се однесуваат и без да се достават било какви докази за така бараните трошоци. Судот оценил дека тужителот побарувал трошоци за едни исти дејствија со повеќе фактури, односно барал трошоци за состав на барање за извршување, а таквиот надоместок го имало и во дозволените трошоци кај извршител. Во оваа насока и во делот на укинатиот делови од нотарските платени налози како и делот на нотарскиот платен налог односно фактурите, судот прави целосна аналитика на оној дел кој го остава во сила, од нотарскиот платен налог и делот кој го укинува, со анализа на побарувањата по секој нотарски платен налог. Судот не ги прифатил истакнатите приговори на

тужениот во смисла дека сеуште поголем дел од постапките по предметите споени во овај предмет, не се правосилно завршени, предвид на што тужениот согласно одредбата од чл.4 од договорот, не е во обврска да врши исплата на тужителот, ценејќи дека не само што тужениот ваквите негови тези не ги поткрепи со материјални докази, укажувајќи дека содржаното во оваа одредба, може да има смисла само доколку договорот би бил во важност, /меѓутоа истиот со писмо на тужениот од 21.02.2019 година, несомнено е раскинат/ и во ваква ситуација според првостепениот суд, тужениот бил во обврска да му ги исплатува преземените дејствија од тужителот. Ова затоа што полномошното му е одземено и тој веќе не е договорна странка и нема друг начин да се наплати за преземените негови дејствија и откако се раскинал договорот тужителот воопшто не можел да влијае врз понатамошниот тек на постапките, во кои дотогаш застапувал, а воедно и немал информации за исходот на предметите, при што во оваа насока тужениот не достави докази во текот на спроведената постапка, за некаков исход на предметите. Фактот што тужениот во корист на тужителот исплатил дел од фактурите - делот на повлеченото тужбено барање, иако постапките не се правосилно завршени, укажува дека во ситуација кога договорот е раскинат, тужениот прифатил на тужителот дека треба да му биде исплатено за направените дејствија, без оглед на фактот што не постои правосилна пресуда со досудени трошоци. Воедно судот оценил дека има основ и за примена на одредбата од чл.8 од Законот за финансиска дисциплина и дека тужениот е во обврска за исплата на надоместок за доцнење при исполнување на паричната обврска од должникот, во износ од по 3.000,00 денари, заради задоцнета исплата на фактурите, иако овој надоместок не е внесен во фактурите кои се предмет на утужување.

Со донесената одлука и заклучоците на првостепениот суд, се согласи и Овој суд.

Жалбените наводи на тужителот односно неговите полномошници дека судот погрешил спојувајќи расправање по 12 предмети и од различни адвокати односно полномошниците на тужителот, предвид на што се создава ситуација на обемен материјал, нотарски платни налози и фактури односно преку 100 фактури, со која состојба многу тешко може да се справи судот, бидејќи е огромен материјал, па се поставува прашање зошто кога судот споил распрање по 12 предмети и на различни адвокати, не ги споил сите 40 предмети на тужителот и за нив да се одлучува со една одлука, Овај суд ги имаше во вид, меѓутоа оцени дека спојувањето на предметите е одлука на судот, согласно одредбата од чл.299 од ЗПП и оценката на истиот дека може да ги спои и да расправа и да донесува мериторна одлука, по основ на поставените барања во поднесените тужби односно во конкретниот случај предлози до нотар. И Овој суд смета дека се работи за обемен материјал, со многу податоци и дека навистина е сложено да се постапува во една ваква ситуација, на многу споени предмети, со повеќе фактури, меѓутоа оцени дека тоа е одлука на првостепениот суд и смета дека иако се работи за голем и обемен материјал, првостепениот суд успеал да се носи со поставените барања во предлозите и донесените решенија и целисходно да одлучува по тужбените барања, без да тоа има влијание на квалитетот на донесената одлука.

Овај суд ги имаше во вид жалбените наводи на тужителот во делот на отфрлената тужба на тужителот, за износот од 9.800,00 денари, по нотарскиот платен налог НПН.бр.71/18, во кој дел го укинал нотарското решение и образложението на тужителот дека без основ е донесена ваквата одлука на судот, меѓутоа Овој суд ваквите наводи ги оцени за неосновани, ценејќи дека првостепениот суд имал увид во предметот НПН-66/18 на истиот нотар, од каде констатирал дека предметниот износ по ф-ра бр.83 е побаран и во погоре цитираниот предмет, предвид на што правилно одлучил кога во овој дел тужбата на тужителот ја отфрлил, заради течење на процес.

Жалбените наводи на полномошниците на тужителоти тоа генерално, дека првостепениот суд без основ во издадените нотарски платни налози, ги одбивал барањата поставени во фактурите, по основ на режиски трошоци, Овој суд ги имаше во вид и оцени дека практично во секоја фактура е содржана ставка на режиски трошоци од по 750,00 денари, во која насока тужителот иако појасни за што се однесува оваа ставка, односно за копирање, достава на писмената изготвени од тужителот /поштенски услуги/ и сл., смета дека ваквиот трошок влегува во судскиот паушал, кој судовите го досудуваат за преземените дејствија на полномошниците на странките, при што за тезата која ја тврдеше, тужителот не достави материјални докази. Жалбениот навод дека во други предходни доставени фактури и во нив е содржан ваков трошок - режиски трошоци и од туженият не бил оспорен, ами му бил исплаќан, Овој суд оцени дека праксата во односите помеѓу странките во оваа постапка, не е од значење за одлуката по овој предмет, во делот на режиските трошоци. Ова ценејќи дека во меѓусебните односи, диспозиција е на туженият како ќе постапува и дали дел од фактурите ќе ги оспорува или не, меѓутоа, во постапка пред судовите, предјавениот трошок мора да најде основ и материјална поткрепа, за да истиот биде како побарување усвоен и признат.

Овој суд ги имаше во вид и жалбените наводи на тужителот преку неговите полномошници, во однос на повеќе нотарски платни налози експлицитно наведени во нивните жалби и недосудување на надоместокот за отсуство од канцеларија и превоз, затоа што во ист ден тужителот застапувал во повеќе постапки и предмети, пред ист суд, предвид на што во овие делови и за определените износи во изреката и во образложението на одлуката, нотарскиот платен налог е укинат, освен за едно вакво дневно дејствие, меѓутоа и тие ги оцени за неосновани. Ова затоа што, несомнено судот од доказите, утврдил дека тужителот во повеќе постапки по нотарските платни налози, го застапувал туженият во ист ден, пред ист суд, предвид на што правилно му досудил еден надоместок за отсуство од канцеларија и превоз, без да таквиот надоместок го досудува во другиот односно третиот предмет, во кои делови првостепениот суд ги укинал нотарските платни налози по утврдувањето на ваквите факти, кои произлегуваат од изведените докази. Овој суд смета дека надоместокот за превоз односно трошоците за отсуство од канцеларија, во ист ден а по повеќе предмети, може да се досудува само еднаш а не во секој предмет, ценејќи дека во тој ден може да се оствари само еден трошок за превоз односно може само да се добие еден надоместок за отсуство од канцеларија, во состојба кога овај надоместок го исплаќа туженият, бидејќи во спротивно би претставувало злоупотреба на правото во ситуација кога трошоците за дејствијата ги бара

тужителот од својот властодавател, а не од другата страна во предметниот спор.

Правилно првостепениот суд, во ситуации кога по нотарските платени налози, не утврдил дека тужителот доставил доказ за одреден трошок кој го побарувал со соодветната фактура, истиот не му го прифатил и го одбил ваквото барање, бидејќи и согласно договорот и праксата, тужителот може да ги побарува ваквите трошоци - судска такса, трошок за увид и слично, доколку ваквото барање го поткрепи со соодветен доказ, во спротивно овој трошок согласно чл.6 од договорот, треба да го сноси туженият, а не тужителот.

Наводите во жалбите на тужителот, дека одредени фактури не му биле вратени на тужителот, а судот со донесената одлука укинува делови од предметните фактури, Овај суд ги имаше во вид, меѓутоа оцени дека тоа не е од влијание за донесување на поинака одлука, ценејќи дека судот е тој кој одлучува за основаноста односно неоснованоста на барањата на тужителот, а не околноста дека фактурата му била или не му била вратена, меѓутоа стои и фактот дека не му е и платена.

Наводите во жалбите на тужителот дека во одредени објаснувања по основ на укинатиот дел во одлуката, по основ на повеќе фактури и дека судот коментирал дека образложението е како што претходно е кажано, односно во делот на режиските трошоци, трошоците за превоз и сл., овој суд го прифати како логично и јасно образложение, кое може да се спознае со увид во она што претходно го укажал судот, а сето ова е последица и на обемноста на споениот материјал, списи и особено поголемиот број на фактури, па првостепениот суд точно е дека за одреден дел на фактури има дадено ваков коментар, меѓутоа за овој суд даденото вакво образложение е јасно и може да го спознае и испита.

Исто така, овој суд смета дека и во делот на досудената односно одбиениот дел на каматата, е јасен и препознатлив и одлуката на судот според Овај суд е подобна и јасна и истата може да се извршува. Воедно, жалбениот навод на тужителот дека во месецот кога течел отказниот рок односно дејствијата кои ги преземал тужителот после 14.02.2018 година, требало да се тарифираат согласно АТ, а не со определеното во договорот, овај суд ги имше во вид, меѓутоа го оцени за неоснован, имајќи ја во вид одредбата од чл.7 ст.5 од Договорот, каде е предвидено дека и за време на отказниот рок тужителот е во обврска да презема дејствија, а туженият да исплаќа надоместок за услугите, но во согласност со условите на договорот, што подразбира дека и во овај перод од 1 месец адвокатските услуги туженият е во обврска да ги исплати под условите содржани во договорот, а не по АТ, предвид на што првостепениот суд правилно постапувал и во ваквите состојби.

Овој суд ги имаше во вид и жалбените наводи на туженият и особено образложението во текот на постапката и жалбата дека тужбеното барање било преурането и дека согласно чл.4 од склученият договор за вршење услуги, помеѓу странките, тужителот своето побарување можел да го наплати, откако ќе се завршеле постапките и ќе постоела извршна исправа и досудување на трошоците, меѓутоа и овој дел оцени дека донесената одлука на судот е јасна и

разбирлива, прифаќајќи дека договорот помеѓу странките е раскинат и заради ваквата состојба тужителот има право да побарува надоместок за сторените дејствија во постапките, во висина и во согласност со одредбите на склучениот договор, АТ и ЗСТ, правилно ценејќи дека тужителот веќе нема увид и пристап во предметите, како и во развиените постапки, а туженият и пред поведувањето на постапката а и во текот на постапката, воопшто не се потруди да достави известување за тоа што се случува и до каде се наведените постапки, што е негова обврска согласно чл.205 од ЗПП. Заради ова овој суд смета дека тужителот има право и можност да поднесе ваква тужба и да бара наплата на соодветни износи за преземените дејствија во спроведените постапки, во кои тој бил полномошник со соодветно овластување.

Овој суд цени дека несомнено има примена одредбата од чл.7 ст.3 од Договорот помеѓу странките и дека во случај на раскин на договорот по барање на корисникот на услугата, давателот на услугата има право да наплати за сторените дејствија, согласно склучениот договор, АТ од одредбите од Законот за адвокатура, а одредбата од чл.4 смета дека има примена само во состојба кога договорот е во важност.

Неосновано во жалбата на туженият се укажува дека нејасна била донесената одлука, бидејќи не било изготвено вештачење, а тужителот не присуствувал и на вештачењето кое тој го нарачал, кое пак покасно не го прифатил судот да го изведе како доказ во постапката и самиот тужител да спознае до каде му се предметите, ценејќи дека изготвување на вештачење во ваков предмет нема решавачка улога при донесувањето на одлуката, ценејќи дека правилно првостепениот суд не го прифатил вештачењето на туженият, бидејќи истот го поднел до судот спротивно на одредбата од чл.235 ст.2 од ЗПП, односно после одржувањето на подготвителното рочиште. Крајно, овој суд смета дека смета дека суд има можност и знаење да управува и одлучува во вакви предмети, бидејќи се работи за награда и трошоци на адвокатите, а во кој дел и судот има посебни знаења и можности да решава, без да изведува доказ со вештачење во предметот.

Жалбените наводи на странките во делот на досудените процесни трошоци, како и одбиениот дел на процесните трошоци, Овај суд ги имаше во вид, меѓутоа истите ги оцени за неосновани, утврдувајќи дека судот правилно ги одмерил и досудил, процесните трошоци во постапката, со донесената одлука и во согласност со АТ и ЗСТ, ценејќи го секое дејствие на полномошниците на тужителот во постапката.

Предвид на погоре изнесеното следуваше Овај суд жалбите на странките да ги одбие како неосновани, а донесената првостепена пресуда да ја потврди во целост.

Согласно чл.160 ст.1 од ЗПП, и затоа што туженият изготви и достави два одговори на жалба по повод поднесените 2 жалби на тужителот од неговите полномошници, овај суд го задолжи тужителот на туженият да му надомести второстепените процесни тршоци во износ од 15.052,00 денари, иако се поднесени два одговори на жалба, кои се однесуваат за состав на овај поднесок

износ од 11.700,00 денари, ДДВ 18 процеснти износ од 2.106,00 денари и износ од 1.246,00 денари, побарана судска такса, кој износ е во рамките на барањето и успехот на странките со поднесокот односно тужителот со поднесените жалби не успеа за околу 200.000,00 денари, што е во согласност со АТ и ЗСТ. Овај суд го одби поголемото барање за надомест на второстепени процесни трошоци во износ од 35.306,00 денари, над досудениот износ, затоа што иако се составени два одгвори на жалба, следува надоместок само за еден одговор на жалба, при што овај смета дека побаруваните износи не се во согласност со АТ и ЗСТ и се превисоко поставени.

Заради погоре изнесеното се одлучи како во изреката на оваа одлука, согласно одредбата од чл.357 од ЗПП.

Претседател на судот - свет,
НК/MJ Петре Србиновски, с.р.